Date Printed: 04/21/2009

JTS Box Number: IFES_65

Tab Number: 112

Document Title: NO DOCUMENT TITLE INFORMATION

Document Date:

Document Country:

Document Language:

IFES ID: CE00190

*BBFFD54C-A77A-4B1C-A50E-CFB7CDE13C9D*



**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ**
**15 септември 2002**

# 12 работи кои гласачите треба да ги знаат

*Твојот глас е твое право.*

## 12 работи кои гласачите треба да ги знаат

### 1. Избори

*Парламентарните избори ќе се одржат на* ***15 септември, 2002 год.***

*Се избираат 120 пратеници во Собранието на Република Македонија.*

*Гласањето се спроведува од* ***7:00*** *до* ***19:00*** *часот.*

*Оваа брошура има за цел да ти помогне полесно да ги проучиш твоите права и начинот на извршување на гласањето.*



### 2. Право да избира и да биде избран

*Право да избира има секој државјанин на Република Македонија, кој има најмалку 18 години и кој е деловно способен.*

*Право да се кандидира за пратеник има секој државјанин на Република Македонија, кој има најмалку 18 години, кој е деловно способен и не издржува казна затвор за сторено кривично дело.*

### 3. Основни изборни принципи

*Изборите се општи, непосредни и слободни со тајно гласање. Никој не смее да те присили да кажеш дали си гласал/а или за кого си гласал/а.*



***Твојот глас е твое право.***

## 4. Мерки против измами

*За овие избори се воведени неколку мерки за спречување измами, кои ќе помогнат во заштитата на твоите избирачки права и ќе обезбедат легитимност на изборните резултати.*

*Една од тие мерки е и употребата на невидливото мастило и ултравиолетовата ламба.*



*Невидливото мастило е невидливо за голо око. Тоа може да се види само со употреба на ултравиолетова ламба. Тоа **не** е штетно за гласачот. Мастилото нема да се избрише неколку дена по изборите.*

*Кога ќе влезеш во гласачкото место, ноктот од твојот десен палец ќе биде проверен, за да се осигура дека нема траги од невидливото мастило и дека гласаш за прв пат.*



*Ако се открие невидливо мастило на ноктот од десниот палец на лице кое се обидува да гласа во избирачкото место, тоа би значело дека тој или таа веќе гласале. Во тој случај, на тоа лице **нема** да му биде дозволено да гласа.*

*Ако нема траги од невидливо мастило, ќе ти дадат гласачко ливче (на секој гласач ќе му се дава само по едно гласачко ливче). На ноктот од твојот десен палец ќе се нанесе невидливо мастило.*

*Со оваа мерка се елиминира можноста едно лице да гласа повеќе пати.*

## 5. Систем на застапеност и изборни единици

*Пратениците се избираат според пропорционалниот модел. Државата ќе биде поделена на* ***шест (6) изборни единици****. Од секоја изборна единица се избираат по* ***20 пратеници****. Гласачките ливчиња за секоја изборна единица ќе го содржат името на подносителот на листата на кандидати кои се кандидираат во таа изборна единица.*

*Подносител на листа е регистрирана политичка партија, две или повеќе партии заедно, како и група избирачи, кои поднеле листа на кандидати.*

## 6. Документи за идентификација

*За да го докажеш својот идентитет на денот на изборите, мора да покажеш важечка лична карта или важечки македонски пасош.*



## 7. Чекори во процесот на гласање

Се гласа лично и тајно.

На денот на изборите, процесот на гласање ќе биде следниот . . .

*При влегувањето во гласачкото место, пристапи му на членот на избирачкиот одбор. Еден член на избирачкиот одбор со ултравиолетова ламба ќе го провери ноктот на твојот десен палец за да се увери дека нема траги од невидливо мастило.*






*Ако нема траги од мастило, тогаш ќе те упатат на следниот член на избирачкиот одбор за да му ја покажеш твојата важечка лична карта или важечкиот македонски пасош.*

*По утврдувањето на твојот идентитет, се потпишуваш во Избирачкиот список.**

** Ако гласачот е неписмен, тогаш му се кажува да остави отисок од десниот показалец во изводот од Избирачкиот список, на местото определено за тоа.*





*Потоа, ќе ти дадат гласачко ливче.*



*Ноктот на твојот десен палец ќе биде обележан со невидливо мастило.*



*Потоа, ќе треба да отидеш зад првиот слободен гласачки параван и* ***во тајност и насамо*** *да гласаш.*

# 12 работи кои гласачите треба да ги знаат



*Треба да гласаш со* ***заокружување на редниот број пред подносителот на листата на кандидати за*** *која што сакаш да гласаш.*



*Потоа свиткај го гласачкото ливче на половина за никој да не може да види за кого си гласал/а.*



*Пушти го гласачкото ливче во гласачката кутија.*




*Откога ќе завршиш со гласањето, треба да излезеш од гласачкото место.*

работи кои гласачите треба да ги знаат

## 8. Гласачко ливче

*На почетокот на ливчето го пишува бројот на изборната единица (од 1 до 6) и го содржи знамето на Р. Македонија. Ливчето содржи реден број, име и презиме и симбол (ако го има) на подносителот и на носителот на листата.*



*Гласачкото ливче е на македонски јазик и кирилично писмо. За припадниците на другите заедници, името и презимето на подносителот и носителот на листата се напишани и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат.*



*Гласаш со заокружување на редниот број пред подносителот на листата за која си се одлучил/а. Можеш да избереш само една листа на кандидати.*



### *Помош при гласањето*

*Ако, како резултат на физички недостаток или неписменост, не си во можност да гласаш, имаш право да побараш помош. Доколку немаш некој да ти помогне при гласањето, избирачкиот одбор ќе определи некое лице. Тоа лице не смее да биде член на избирачкиот одбор, претставник на листата на кадидати или набљудувач. Тоа лице не смее да влијае на твојот избор.*

## 9. Посебни дејствија и постапки за гласање

### *Гласање со посебна мобилна гласачка кутија*

*Ако си немоќно или болно лице и не можеш да гласаш во избирачкото место, можеш да побараш да гласаш дома или во болница. Барањето може да се поднесе преку полномошник, но мора да се достави до твојата општинска изборна комисија најмалку 3 дена пред денот на изборите.*

*Се спроведува дејствие да гласаш* ***еден ден пред денот на изборите****. Членовите на избирачкиот одбор ги носат сите потребни изборни материјали во твојот дом или во болницата, вклучувајќи и посебна гласачка кутија.*

*И покрај посебната постапка за гласање, тајноста на гласањето мора да се запази.*

### *Гласање на внатрешно раселените лица*

*За оние кои моментално се раселени во Македонија, се спроведуваат посебни дејствија за да можат да гласаат. Гласањето се спроведува* ***еден ден пред денот на изборите.***

### *Гласање на војската*

*Ако не си во местото на живеење на денот на изборите заради отслужување воен рок или ако си на воена вежба, гласаш во воената единица. Гласањето се спроведува* ***еден ден пред денот на изборите.***

### *Гласање на затворениците*

*Оние што се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено-поправниот дом. Гласањето се спроведува* ***еден ден пред денот на изборите.***



2

работи кои
гласачите
треба да
ги знаат

## 10. Забранети активности

*Во однос на избирачките права и изборниот процес, постојат неколку активности кои се забранети:*

*Не можеш да гласаш повеќе од еднаш.*



*Никој не може да гласа во твое име, ниту пак, ти можеш да гласаш во име на некој друг (исклучок: Види Помош при гласањето на стр.10). Мора да гласаш лично.*

*Јавно гласање, со друго лице или група луѓе не е дозволено.*

*Ти мора да гласаш во тајност.*





***Твојот глас е твое право.***

работи кои
гласачите
треба да
ги знаат

*Со исклучок на полицијата, која може да биде повикана во избирачкото место од страна на избирачкиот одбор за да воспостави ред, никој не смее да носи и да внесе оружје во избирачкото место.*

*Никој не смее да ти го повреди правото на слободен избор, било со употреба на сила, сериозна закана, измама или на некој друг начин.*



# 2
работи кои гласачите треба да ги знаат



*Со закон е забрането некој да влијае на тебе да гласаш или не, или, пак, за кого да гласаш на денот на изборите, преку нудење, давање или ветување мито. Исто така, со закон е забрането гласач да бара мито за возврат на својот глас.*

*Органот одговорен за водење на Избирачкиот список, подготвување и/или спроведување на изборите не може да те лиши од твоето право на глас или кандидатура.*




## 11. Поднесување приговор или жалба

*Ако забележиш неправилности во постапката за избор, можеш да поднесеш приговор до Регионалната изборна комисија. Тоа мора да го направиш во рок од 48 часа од настанувањето на неправилноста. Регионалната изборна комисија е должна да донесе решение во рок од 48 часа од приемот на приговорот.*

*Ако не си задоволен/а со решението на Регионалната изборна комисија, можеш да поднесеш жалба до надлежниот Апелационен суд, преку Регионалната изборна комисија. Судот мора да донесе решение во рок од 48 часа од приемот на жалбата.*

## 12. Изборни резултати

*Државната изборна комисија ги објавува прелиминарните резултати од изборите за пратеници во рок од 24 часа по завршувањето на изборите. Конечните резултати мора да се објават во рок од 3 дена по изборите.*

ПРОЕКТ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
со поддршка од **IFES** и **USAID**

McCANN-ERICKSON·SKOPJE